# ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

**8 Јули 2019 година, Гевгелија  Број 7  Година XXXIX**

Врз основа на член 36 став (1) точка 15, од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02 год.) и член 38 став (1) точка 43 од Статутот на општина Гевгелија, („Службен гласник на општина Гевгелија бр. 25/2006 и 8/2010 и 18/2014 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 08.07.2019 година, донесе

## ОДЛУКА
## за намера за користење на грант средства од Проектот за подобрување на општинските услуги - МСИП

### Член 1

Со оваа одлука се дава согласност за намената за користење на грант средства добиени преку Проектот за подобрување на општинските услуги (МСИП) за реализација на дел од проектот Изградба на сервисни улици „Галилео Галилеј“, „Апостол Петков“ и „Павел Шатев“ во Гевгелија за изградба на водоводната мрежа.

### Член 2

Општина Гевгелија средствата во висина од 4.173.571 денари, добиени како грант за успешно реализиран под-проект преку задолжување во рамки на Проектот за подобрување на општинските услуги, финансиран со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка) ќе ги искористи за реализација на дел од проектот Изградба на сервисни улици „Галилео Галилеј“, „Апостол Петков“ и „Павел Шатев“ во Гевгелија за изградба на водоводна мрежа.

### Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување и ќе биде објавена во „Службен гласник на општина Гевгелија“.

Бр.09-1103/1
08.07.2019 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Ташко Дојчинов с.р.***

---

## СОДРЖИНА

1.Одлука за намера за користење на грант средства од Проектот за подобрување на општинските услуги - МСИП ........................................................ 426

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Одделение за стручно-административни и општи работи и Одделение за правни работи,ул."Димитар Влахов"4 Гевгелија